Одделот на граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66 од 09.05.2013 год) и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/95, 45/95 и 21/09) на седницата одржана на ден 08.05.2018 година, го утврди следното

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Судот нема да донесе пресуда поради признание и покрај изјавата за признавање на тужбеното барање на тужителот од страна на тужениот, ако не се исполнети предвидените законски услови за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време.**

О б р а з л о ж е н и е

Во член 46 од Законот за работните односи (Службен весник на Република Македонија бр.62/05,106/08,161/08,114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15 и 72/15, пречистен текст бр.167/15), предвидено е дека:

”1) Договорот за вработување може да се склучи на определено време за вршење на исти работи, со прекин или без прекин до пет години.

2) Договор за вработување на определено време за замена на отсутен работник може да се склучи до враќање на привремено отсутниот работник.

3) Работниот однос заснован со договор за вработување на определено време, освен договорот за вработување за вршење на сезонска работа, се трансформира во работен однос на неопределно време, ако работникот продолжи да работи по истекот на рокот од став 1 на овој член, под услови и на начин утврдени со закон.

4) По исклучок работниот однос заснован со договор за за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од став 1 на овој член, ако работникот работи повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиси средства, доколку работодавачот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон.”

Од член 17 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година (Службен весник на Република Македонија бр.171 од 28.12.2012 година), произлегува обврска за тужениот да склучува договори за вработување на определено и неопределено време “....само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства....” со буџетот со кој се врши негово финансирање. Исто така согласно член 4 од истиот закон, тужениот не смее да превземе обврски или да направи расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

Од содржината на одредбите со кои се уредуваат условите за трансформација на работен однос од определено на неопределно време произлегува дека законодавецот ги пропишал условите за трансформација на работниот однос со императивни одредби кои странките не можат да ги менуваат по своја волја.

При признание на тужбеното барање судот донесува пресуда поради признание согласно член 317 став 1 од Законот за парничната постапка, но согласно став 2 од истиот член, судот нема да донесе пресуда врз основа на признание и кога се исполнети условите, ако најде дека се работи за барање со кое странките не можат да располагаат (член 3 став 3 од Законот за парничната постапка).

Според член 3 став 3 од Законот за парничната постапка, судот нема да ги уважи располагањата на странките кои се 1) во спротивност со присилните прописи; 2) во спротивност со одредбите на меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и 3) во спротивност со моралот.

Доколку судот утврди дека тужениот признава тужбено барање за трансформација на работен однос од определно во неопределено време, а не се исполнети сите услови од член 46 од Законот за работните односи, ќе постапи согласно член 317 став 2, а во врска со член 3 став 3 од Законот за парничната постапка.

ВРХОВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Оддел за граѓански дела